***ОПЕРАТИВНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА***

***И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ ЗА 2004 ГОДИНА***

**Сектор: Македонски информативен центар за животна средина**

| **Ред.бр** | **Активност** | **Активноста произлегува од ...** | **Период на реализација Од - до** | **Импликации во буџетот на МЖСПП** | **Контакт личност** |
|---|---|---|---|---|---|

**1. Управување со Државниот Автоматски Мониторинг систем за квалитет на воздух**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1.1. | Одржување и сервисирање на мониторинг системот за квалитет на воздух | Закон за животна средина<br>Стратешката Програма на Министерствотот 2003-2006<br>Визија 2008<br>Стратегија за мониторинг | Континуирано во 2004 | ПРЕДВИДЕНИ:<br>**ВКУПНО:** 6.420.300,00 ден.<br><br>ОДОБРЕНИ:<br>**ВКУПНО:** 4.000.000,00 ден | Игор Атанасов<br>Љупчо Гроздановски<br>Дејан Тошевски<br><br>Во соработка со М. Виларова и А. Доневска |
| Краток опис на активноста:<br>• Редовно сервисирање и одржување на автоматските мониторинг станици за квалитет на воздух, што подразбира прегледување на исправноста на работата и промена на филтри на анализаторите; мануелна калибрација во две точки на анализаторите во станиците; проверка на линијата за пренос на податоците од мерните инструменти до централниот компјутер; проверка на боците со калибрационен гас; чистење на инсталацијата од цевчиња та за пренос на гасовите и на цевките за земање на примероци од воздухот; проверка на системот за климатизација и др.<br>• екцесно интервенирање по настанат дефект при работата на анализаторите,<br>• обука и проверка на системот со помош на стручно лице од фирмата испорачател на опремата<br>• Во Мај 2004 година, мониторинг системот за квалитет на воздух се прошири со 6 нови мониторинг станици. Истите се поставени во Битола (2 станици), во Велес (2 станици), во Тетово и во с.Лазарополе.<br>• набавка на опрема која недостасува за исправна работа на системот | | | | | |
| 1.2. | Валидација, верификација и обработка на податоците од мониторинг станиците | Закон за животна средина | Континуирано во 2004 | | Анета Доневска<br>Во соработка со |

| Ред.бр | Активност | Активноста произлегува од ... | Период на реализација Од - до | Импликации во буџетот на МЖСПП | Контакт личност |
|---|---|---|---|---|---|
| | за воздух | Стратегија за мониторинг | | | Виларова Маријонка, Игор Атанасов Љупчо Гроздановски и Дејан Тошевски |
| Краток опис на активноста<br>• Податоците од сите мониторинг станици автоматски, со модемска линија, пристигнуваат секој час во централната станица во МЕИЦ. Веднаш се прегледуваат дали се во склоп на валидните вредности и дали се над МДК за поедините загадувачки супстанци одредени со барањата на ЕУ директивите и домашното законодавство. По извршената верификација на податоците истите се користат за подготовка наразлични видови на информации. | | | | | |
| 1.3. | Калибрациона лабораторија | Закон за животна средина<br>Стратешката Програма на Министерствотот 2003-2006<br>Визија 2008<br>Стратегија за мониторинг | Континуирано во 2004 | | Игор Атанасов<br>Љупчо Гроздановски<br>Дејан Тошевски<br><br>Во соработка со М. Виларова и А. Доневска |
| Краток опис на активноста<br>• Калибрационата лабораторија која е лоцирана во рамките на Централната лабораторија за животна средина се користи за калибрација на анлизаторите од сите мониторинг станици за квалитет на воздух со голема точност. Од Мај 2004 година во мониторинг станиците за квалитет на воздух се наоѓаат 80 анализатори и тоа во секоја од 15 станици има по 4 анализатори, за CO, $SO_2$, озон и NOx кои треба најмалку два пати годишно да се калибрираат, а по потреба и почесто. Во втората половина на 2004 се извршени калибрации на анализаторите од скопските станици и на некои од анализаторите од останатите станици кои не покажувале коректни резултати. | | | | | |
| 1.4. | Одржување и сервисирање на ниско и високо волуменските семплери | Закон за животна средина<br>Стратешката Програма на Министерствотот 2003-2006 | Континуирано во 2004 | | Игор Атанасов<br>Љупчо Гроздановски<br>Дејан Тошевски<br><br>Во соработка со М. |

| Ред.бр | Активност | Активноста произлегува од ... | Период на реализација Од - до | Импликации во буџетот на МЖСПП | Контакт личност |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Визија 2008<br>Стратегија за мониторинг | | | Виларова и А. Доневска |

Краток опис на активноста:

- Во текот на 2004 година 4 високо и 6 ниско волуменските семплери беа инсталирани од страна на ЕАС Енвимет, но со конкретна работа и анализа на филтритрите од семплерите се започна дури во 2005 година

**2. Собирање, обработка, складирање, презентација и искористување на податоците за медиумите во животната средина**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 2.1. | Собирање, обработка, складирање, презентација и искористување на податоци за емисија во воздухот од загадувачите од Македонија | Стратешката Програма на Министерството 2003-2006<br>Визија 2008<br>Стратегија за мониторинг<br>Закон за животна средина | Континуирано во 2004 | | Марijонка Виларова<br>Во соработка со Анета Доневска |

Краток опис на активноста

Со цел да се идентифицираат количините на емисии на $SO_2$,NOx, CO и прав од поедини загадувачи се прибираат податоци и се обработуваат соодветно на бараните извештаии во тони/година, во грам/час, во грам/GJ или само во количина, и тоа или само за еден загадувач или вкупно на ниво на Македонија.

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 2.2. | Собирање, обработка, складирање, презентација и искористување на податоци за квалитет на воздухот од надлежните инститтуци кои вршат мониторинг и загадувачите од Македонија кои вршат самомониторинг | Стратешката Програма на Министерството 2003-2006<br>Визија 2008<br>Стратегија за мониторинг | Континуирано во 2004 | | Анета Доневска<br>Во соработка со М. Виларова |

| Ред.бр | Активност | Активноста произлегува од ... | Период на реализација Од - до | Импликации во буџетот на МЖСПП | Контакт личност |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Закон за животна средина | | | |
| Краток опис на активноста<br>Соработка и прибирање, обработка, складирање и презентација на податоци, од надлежните инстититуци кои вршат мониторинг на квалитетот на воздухот (УХМР, Завод за здравствена заштита - Скопје и Завод за здравствена заштита - Велес) како и од поголемите загадувачи кои вршат самомониторинг. | | | | | |
| 2.3 | Собирање, обработка, складирање, презентација и искористување на податоци од мониторингот на хидролошката состојба на водотеците во РМ | Стратешката Програма на Министерствотот 2003-2006<br>Визија 2008<br>Стратегија за мониторинг<br>Закон за животна средина | Континуирано во 2004 | | Љупка Д. Зајков<br>Снежана Рашкова |
| Краток опис на активноста<br>• Соработка со УХМР за доставување на податоци од мониторингот на хидролошката состојба на водотеците во РМ до МЕИЦ | | | | | |
| 2.4. | Собирање, обработка, складирање, презентација и искористување на податоци од мониторингот на подземни води | Стратешката Програма на Министерствотот 2003-2006<br>Визија 2008<br>Стратегија за мониторинг<br>Закон за животна средина | Континуирано во 2004 | | Љупка Д. Зајков<br>Снежана Рашкова |
| Краток опис на активноста | | | | | |

| Ред.бр | Активност | Активноста произлегува од ... | Период на реализација Од - до | Импликации во буџетот на МЖСПП | Контакт личност |
|---|---|---|---|---|---|
| • Соработка со надлежните институтуци (УХМР и РЗЗЗ) за доставување на податоци од мониторингот на подземни води до МЕИЦ | | | | | |
| 2.5. | Собирање, обработка, складирање, презентација и искористување на податоци од мониторингот на квалитетот на реките (RIMSYS проектот) | Стратешката Програма на Министерството 2003-2006<br>Визија 2008<br>Стратегија за мониторинг<br>Закон за животна средина | Континуирано во 2004 | | Љупка Д. Зајков<br>Снежана Рашкова |
| Краток опис на активноста<br>• Соработка со УХМР за доставување на податоци од мониторингот на квалитетот на реките до МЕИЦ | | | | | |
| 2.6. | Собирање, обработка, складирање, презентација и искористување на податоци од мониторингот на квалитетот на природните езера | Стратешката Програма на Министерството 2003-2006<br>Визија 2008<br>Стратегија за мониторинг<br>Закон за животна средина | Континуирано во 2004 | | Љупка Д. Зајков<br>Снежана Рашкова |
| Краток опис на активноста<br>• Соработка со надлежните институтуци (ХБЗ, УХМР) за доставување на податоци од мониторингот на квалитетот на природните езера до МЕИЦ | | | | | |
| 2.7. | Собирање, обработка, складирање, презентација и искористување на податоци од мониторингот на отпадните | Стратешката Програма на Министерството | Континуирано во 2004 | | Љупка Д. Зајков<br>Снежана Рашкова |

| Ред.бр | Активност | Активноста произлегува од ... | Период на реализација Од - до | Импликации во буџетот на МЖСПП | Контакт личност |
|---|---|---|---|---|---|
| | води | 2003-2006<br>Визија 2008<br>Стратегија за мониторинг<br>Закон за животна средина | | | |
| Краток опис на активноста<br>• Соработка со надлежните институтуци за доставување на податоци од мониторингот на отпадните води до МЕИЦ | | | | | |
| 2.8. | Собирање, обработка, складирање, презентација и искористување на податоци за нивоа на бучава од институциите и компании кои што вршат мерења | Стратешката Програма на Министерството 2003-2006<br>Визија 2008<br>Стратегија за мониторинг<br>Закон за животна средина | Континуирано во 2004 | | Катерина Николовска |
| Краток опис на активноста<br>• Соработка со надлежните институтуци за доставување на податоци од мониторингот на бучава до МЕИЦ | | | | | |
| 2.9. | Собирање, обработка, складирање, презентација и искористување на податоци за почва | Стратешката Програма на Министерството 2003-2006<br>Визија 2008<br>Стратегија за мониторинг<br>Закон за животна | Континуирано во 2004 | | Александар Ивановски |

| Ред.бр | Активност | Активноста произлегува од ... | Период на реализација Од - до | Импликации во буџетот на МЖСПП | Контакт личност |
|---|---|---|---|---|---|
| | | средина | | | |
| Краток опис на активноста<br>• Соработка со надлежните инсититуци за доставување на податоци од мониторинг на почва до МЕИЦ | | | | | |
| 2.10. | Собирање, обработка, складирање, презентација и искористување на податоци за отпад | Стратешката Програма на Министерството 2003-2006<br>Визија 2008<br>Стратегија за мониторинг<br>Закон за животна средина | Континуирано во 2004 | | Маја Граматикова |
| Краток опис на активноста<br>• Соработка со надлежните инсититуци за доставување на податоци од мониторинг на **отпад** до МЕИЦ | | | | | |

**3. IT - информативна технологија**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 3.1. | Обезбедување мрежни сервиси (LAN и WAN) | | Континуирано во 2004 | ставка: 421390<br>1.240.000,00 денари | Зоран Лозановски<br>Трајче Донев<br>Маја Граматикова |
| Краток опис на активноста<br>• Обезбедување мрежно поврзување на компјутерите во МЖСПП<br>• Одржување на мрежата во МЖСПП<br>• Обезбедување мрежен пристап до документи<br>• Обезбедување мрежно печатење | | | | | |

| Ред.бр | Активност | Активноста произлегува од ... | Период на реализација Од - до | Импликации во буџетот на МЖСПП | Контакт личност |
|---|---|---|---|---|---|
| • Инсталирање, конфигурирање, одржување и администрирање на серверите<br>• Обезбедување заштита од компјутерски вируси<br>• Обезбедување пристап до надворешни сервиси и пристап до Интернет<br>• Одржување на пристапот до надворешните сервиси и Интернет<br>• Обезбедување интернет пристап во бараката за проектните канцеларии<br>• Обезбедување firewall заштита на мрежата<br>• Креирање backup на податоците | | | | | |
| 3.2. | WWW - веб страници на Министерството | | Континуирано во 2004 | ставка: 421390<br>150.000,00 денари | Зоран Лозановски<br>Трајче Донев<br>Слаѓана Елезовиќ |
| Краток опис на активноста<br>• Инсталирање, конфигурирање и одржување на веб сервер<br>• Редовно одржување на веб-сајтот на МЖСПП и придружните веб-страни (GLOBE, CDS, SOER,...)<br>• Договор со МИА за редовно одржување на веб-сајтот на МЖСПП<br>• Креирање на нови содржини (веб страни) | | | | | |
| 3.3. | Електронска пошта | | Континуирано во 2004 | | Зоран Лозановски<br>Маја Граматикова<br>Трајче Донев |
| Краток опис на активноста<br>• Обезбедување e-mail сервис за сите вработени во МЖСПП и поголемиот број проекти<br>• Поддршка за e-mail сервисот и за сите вработени во МЖСПП и поголемиот број проекти<br>• Администрирање на e-mail серверот во МЖСПП | | | | | |

| Ред.бр | Активност | Активноста произлегува од ... | Период на реализација Од - до | Импликации во буџетот на МЖСПП | Контакт личност |
|---|---|---|---|---|---|
| • Редовно опслужување на општиот e-mail на Министерството | | | | | |
| 3.4. | **EIONET TELEMATIC -** Европска мрежа за информирање, набљудување и размена на информации за животната средина на Европската агенција за животна средина | | Континуирано во 2004 | | Зоран Лозановски |
| Краток опис на активноста<br>Одржување на македонскиот јазол од ЕИОНЕТ мрежата на Европската агенција за животна средина. Активностите опфаќаат:<br>• Администрирање на **EIONET TELEMATIC** серверот на Р. Македонија<br>• Креирање на интерес групи и обезбедување техничка поддршка на корисниците на системот<br>• Администрирање на CIRCA (workgroup софтвер) инсталиран на EIONET серверот<br>Во текот на 2004 година извршена е хардверска надградба на EIONET серверот и инсталирана е најновата верзија на CIRCA. Со ова активност се подобри стабилноста на системот и се држи технолошки чекор со останатите јазли во мрежата. | | | | | |
| 3.5. | Бази на податоци | | Континуирано во 2004 | ставка: 485230<br>924.000,00 денари | Зоран Лозановски<br>Маја Граматикова |
| Краток опис на активноста<br>• Дефинирање на потребните карактеристики на информативниот систем за животна средина<br>• Тековно одржување на постоечките бази на податоци<br>• Поддршка на корисниците на постоечките бази на податоци<br>• Креирање редовен бекап на податоците<br>Во текот на 2004 година не беше дозволено трошење средства за оваа намена. | | | | | |
| 3.6 | Редовна поддршка | | Континуирано во 2004 | ставка: 483240, 423210, 424420<br>1.310.000,00 денари | Зоран Лозановски<br>Маја Граматикова |

| Ред.бр | Активност | Активноста произлегува од ... | Период на реализација Од - до | Импликации во буџетот на МЖСПП | Контакт личност |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Трајче Донев<br>Слаѓана Елезовиќ |

Краток опис на активноста

- Системски интервенции
    - Инсталирање програми
    - Конфигурирање
    - Заштита и чистење вируси
    - Обезбедување Интернет пристап
    - Хардверски интервенции
    - Набавка на нова опрема
    - Набавка на материјал за АОП
- Тренинг на крајни корисници

Во текот на 2004 година извршена е надградба на серверите со дополнителна меморија и дискови. Во перодот од Мај-Јуни 2004 година, во рамките на проектот Фаре ´99 беше организирана обука за крајни корисници. Обуката беше наменета за сите вработени во МЖСПП и со истата беа опфатени основните техники коишто се неопходни за работење во мрежна околина, кадешто се достапни различни мрежни сервиси. На обуката учествуваа околу 60 вработени од МЖСПП, а за потребите на обуката беше изработен и прирачник на Македонски јазик и секој учесник доби по еден примерок.

**4. Известување и обврски за известување**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 4.1 | Учество во работата на Управниот Одбор - МБ | соработката со Европската агенција за животна средина (ЕЕА) | Ноември 2004 | | Светлана Ѓорѓева |

Краток опис на активноста

- Приготвување на материјали и вградување на нашите ставови во работата на Управниот одбор на Агенцијата
- Усвојување на годишната и повеќегодишната програма за работа на Агенцијата

<table>
<tr><th>Ред.бр</th><th>Активност</th><th>Активноста произлегува од ...</th><th>Период на реализација<br>Од - до</th><th>Импликации во буџетот на МЖСПП</th><th>Контакт личност</th></tr>
<tr><td>4.2.</td><td>Национален координатор - NFP</td><td>соработката со Европската агенција за животна средина (EEA)</td><td>Континуирано во 2004</td><td></td><td>Светлана Ѓорѓева</td></tr>
<tr><td colspan="6">Краток опис на активноста<br>• Координирање на работата на Националните референтни центри<br>• Сугестии, коментари и забелешки на нацрт верзиите на материјалите кои се приготвуваат во EEA, нивно усвојување и имплементирање<br>• Усогласување на ставовите и принципите на работа и нивно имплементирање<br>• Координирање и приготвување на материјали за редовните извешати - изданија на EEA</td></tr>
<tr><td>4.3.</td><td>Информирање до Европски топик центар - воздух</td><td>соработката со Европската агенција за животна средина (EEA)</td><td>Континуирано во 2004</td><td></td><td>Маријонка Виларова<br>Анета Доневска</td></tr>
<tr><td colspan="6">Краток опис на активноста<br>• Емисии на загадувачки супстанци од загадувачите во Р.Македонија, за 2003 год. по протокопот ЕМЕП;<br>• Обработка на податоците за квалитет на воздух за 2004 во формат DEM (Data Exchange Modul) предложен од EEA, со цел веднаш да бидат вклучени во базата на податоци (AIRBASE);<br>• Обработка на податоците за озон во рамките на Директивата 2002/3/EC за аерозагадување од озон и испраќање само на оние концентрации кои ја надминуваат дозволената концентрација за информирање на јавноста и заштита на вегетацијата (одделно од другите податоци за квалитетот на воздухот)</td></tr>
<tr><td>4.4.</td><td>Информирање до Европски топик центар - вода</td><td>соработката со Европската агенција за животна средина (EEA)</td><td>Декември 2004</td><td></td><td>Љупка Д. Зајков<br>Снежана Рашкова</td></tr>
<tr><td colspan="6">Краток опис на активноста<br>• Пополнување на базата за води - waterbase со постојните податоци за морфолошките карактеристики на мониторинг станиците за реки езера и подземни</td></tr>
</table>

| Ред.бр | Активност | Активноста произлегува од ... | Период на реализација Од - до | Импликации во буџетот на МЖСПП | Контакт личност |
|---|---|---|---|---|---|
| води, со квалитативни податоци и со податоци за опасни и штетни супстанции<br>• Пополнување на прашалници со постојните податоци за квантитативна и квалитативна состојба на површинските и подземните води<br>• Пополнување на прашалници со постојните податоци за количината на врнежи и количеството на проток на влезна и излезна вода на реките во РМ | | | | | |
| 4.5. | Информирање до Европски топик центар - почва | соработката со Европската агенција за животна средина (EEA) | Септември 2004 | | Александар Ивановски |
| Краток опис на активноста<br>• Испраќање на обработени податоци за почва за 2003 година<br>• Пополнување на прашалници со постојните податоци за почва | | | | | |
| 4.6. | Информирање до Европски топик центар - отпад | соработката со Европската агенција за животна средина (EEA) | Континуирано во 2004 | | Маја Граматикова |
| Краток опис на активноста<br>• Испраќање на обработени податоци за отпад за 2003 година<br>• Пополнување на прашалници со постојните податоци за количината на отпад | | | | | |
| 4.7. | Координирање на активности околу индикатори | соработката со Европската агенција за животна средина (EEA) | Континуирано во 2004 | | Катерина Николовска<br>Светлана Ѓорѓева<br>Маријонка Виларова<br>Анета Доневска<br>Љупка Димовска<br>Снежана Рашкова<br>Александар Ивановски |

| Ред.бр | Активност | Активноста произлегува од ... | Период на реализација Од - до | Импликации во буџетот на МЖСПП | Контакт личност |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Маја Граматикова |
| Краток опис на активноста<br>• Прилагодување на Клучен сет на Индикатори по области усвоен од ЕЕА со Македонските индикатори<br>• Изработка на македонски Клучен сет на Индикатори по области<br>• Напомена: Започнати се само подготвителни активности кои се однесуваат на прибирање и разработка материјалите за индикатори од Словенија, Србија и Црна Гора и Албанија кои се направени согласно сетот на индикатори усвоен од ЕЕА, поконкретни активности не се започнати заради неодобрени средства во буџетот на РМ | | | | | |
| 4.8. | Информирање по EUROSTAT | соработката со EUROSTAT | Континуирано во 2004 | | Маријонка Виларова<br>Анета Доневска<br>Љупка Димовска<br>Снежана Рашкова<br>Александар Ивановски<br>Маја Граматикова |
| Краток опис на активноста<br>Пополнување на прашалници со постојните податоци од сите области на животната средина | | | | | |
| 4.9. | Информирање во врска со барањата на OECD (Organization for Economic Co-operation and Development) | од соработката со OECD | Континуирано во 2004 | | Маријонка Виларова<br>Анета Доневска<br>Љупка Димовска<br>Снежана Рашкова<br>Александар Ивановски<br>Маја Граматикова<br>Катерина Николовска |

| Ред.бр | Активност | Активноста произлегува од ... | Период на реализација Од - до | Импликации во буџетот на МЖСПП | Контакт личност |
|---|---|---|---|---|---|
| Краток опис на активноста<br>Пополнување на прашалници со постојните податоци од сите области на животната средина | | | | | |
| 4.10. | Информирање до Економската комисија за Европа на Обединетите Нации (УН/ЕЦЕ) | Хелсиншката Конвенција за заштита од загадување на меѓугранични води и меѓународни езера | Континуирано во 2004 | | Љупка Димовска<br>Снежана Рашкова |
| Краток опис на активноста<br>Учество во работната група за Проценка на податоците од мониторингот на меѓугранични води и меѓународни езера | | | | | |
| 4.11. | Информирање до Економската комисија за Европа на Обединетите Нации (УН/ЕЦЕ) | Протоколот ЕМЕП кој произлегува од конвенцијата за прекуграничен пренос на аерозагадувањето (CLRTAP) | | | Маројонка Виларова<br>Анета Доневска |
| Краток опис на активноста<br>Секоја година најкасно до 15 февруари, извршното тело на протоколот прибира прашалници за состојбата со загадувачките супстанци во поедини држави. Прашалникот во себе ги содржи годишните емитирани количини на загадувачки супстанци како и барања за квалитетот на амбиенталниот воздух за изминатата година. Врз база на овие податоци потоа се припемаат, за поедини супстанци модели кои што служат да го предвидат загадувањето на ниво на Европа, а се со цел да се преземат соодветни мерки за намалување на истото. | | | | | |
| 4.12. | СОЕР 2004 - изработка на материјали според барањата на ЕЕА | $6^{th}$ EAP<br>Закон за животна средина<br>Стратегија за управување со податоци | Континуирано во 2004 | ставка: 425910, 425920, 425990<br>7.000.000,00 денари | Светлана Ѓорѓева<br>Катерина Николовска |

| Ред.бр | Активност | Активноста произлегува од ... | Период на реализација Од - до | Импликации во буџетот на МЖСПП | Контакт личност |
|---|---|---|---|---|---|
| Краток опис на активноста<br>Овој документ се предвидува да има околу 80 страници. За изработката треба да се формираат работни групи за поодделните области како што се: воздух, вода, почва, отпад, биодиверзитет, бучава и намена на земјиште. Извештајот за состојбата во животната средина треба да биде изработен во печатена верзија, публикуван на WEB и да се изработи CD со целокупната содржина на СОЕР-от.<br>Активноста не е извршена поради не одобрувањето на средства во буџетот за 2005 г. Исто така мора да се нагласи дека оваа активност ја бараме за буџетирање веќе неколку години. | | | | | |
| 4.13. | Известување и изготвување на извештаи до домашни институции и јавноста | Закон за животна средина<br>Стратешката Програма на Министерствотот 2003-2006<br>Визија 2008<br>Стратегија за мониторинг | Континуирано во 2004 | | Маријонка Виларова<br>Анета Доневска<br>Игор Атанасовски<br>Љупка Димовска<br>Снежана Рашкова<br>Александар Ивановски<br>Маја Граматикова<br>Катерина Николовска |
| Краток опис на активноста<br>• Изработување на редовни месечни и годишни извештаи за состојбата, квалитетот и трендовите за сегментите од животната средина за кои пристигнуваат податоци во МЕИЦ<br>• Неделни, Месечни и Годишни Извештаи до Општините каде што има мониторинг станици за квалитет на воздух, УХМР, РЗЗЗ-ГЗЗЗ во општините каде што има станици<br>• Дневен извештај до Градскиот центар за информирање и тревожење - ГЦИТ, за состојбата со квалитетот на воздухот од Мониторинг системот за квалитет на воздухот | | | | | |
| 4.14. | Презентации и публикација на популарни брошури | Закон за животна средина<br>Стратешката Програма на | Континуирано во 2004 | ставка: 425920,<br>1.200.000, денари | Светлана Ѓорѓева<br>Маријонка Виларова<br>Анета Доневска |

| Ред.бр | Активност | Активноста произлегува од ... | Период на реализација Од - до | Импликации во буџетот на МЖСПП | Контакт личност |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Министерствотот 2003-2006<br>Визија 2008<br>Стратегија за мониторинг | | | Игор Атанасовски<br>Љупка Димовска<br>Снежана Рашкова<br>Александар Ивановски<br>Маја Граматикова<br>Катерина Николовска<br>Слаѓана Елезовиќ |
| Краток опис на активноста: Печатење на нови тематски брошури за: вода, почва и бучава | | | | | |

**5. Проекти**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 5.1. | Тренинг | CARDS 2004 | Континуирано низ 2004 | | Светлана Ѓорѓева,<br>Маријонка Виларова,<br>Анета Доневска,<br>Дејан Тошевски,<br>Игор Атанасов,<br>Љупчо Гроздановски. |
| Краток опис на активноста<br>Во Рамките на Проектот CARDS 2004 програмата ќе се одржат следните тренинзи:<br>• Обука за софтвер за информациски систем за животна средина<br>• Обука за оценување на податоци за квалитет на воздух и статистичка анализа | | | | | |

**6. Катастар на загадувачи и загадувачки супстанци**

| Ред.бр | Активност | Активноста произлегува од ... | Период на реализација Од - до | Импликации во буџетот на МЖСПП | Контакт личност |
|---|---|---|---|---|---|
| 6.1 | Катастар на загадувачи на отпадни води | Закон за животна средина и просторно планирање<br>Стратегија за мониторинг на животната средина | Континуирано во 2004 | ставка: 425990 Весна<br>3.000.000,00 денари | Љупка Д. Зајков<br>Маријонка Виларова<br>Снежана Рашкова |
| Краток опис на активноста<br>Катастарот за отпадни води, е во фаза на нацрт документ и се идентификувани околу 500 загадувачи. До крајот на 2004 година не е добиен финален документ. Изготвувач на катастарот за отпадни води е ГИМ. Потребно е да се идентификуваат уште 500 загадувачи. Предвидените средства се за таа намена. | | | | | |
| 6.2. | Катастар на цврст и опасен отпад | Закон за животна средина и просторно планирање<br>Стратегија за мониторинг на животната средина | Континуирано во 2004 | ставка: 425990 Весна<br>3.000.000,00 денари | Маријонка Виларова<br>Маја Граматикова |
| Краток опис на активноста<br>Катастарот за цврст и опасен отпад, е во фаза на нацрт документ и се идентификувани околу 500 загадувачи. До крајот на 2004 година ќе се добие финален документ. Потребно е да се идентификуваат уште 500 загадувачи. Предвидените средства се за таа намена. | | | | | |
| 6.3. | Проект за подготовка на катастар на загадувачи и загадувачки материи во воздухот за град Скопје и за територијата на Р. Македонија, освен за град Скопје | Закон за животна средина<br>Стратегија за мониторинг на животната средина | Континуирано во 2004 | ставка: Весна<br>За Скопје: 60.000 Еур<br>средствата се обезбедени од ЛЕАП на град Скопје<br>За Р.Македонија: 50.000 Еур<br>компензационен фонд, швајцарска помош | Маријонка Виларова<br>Анета Доневска |

| Ред.бр | Активност | Активноста произлегува од ... | Период на реализација Од - до | Импликации во буџетот на МЖСПП | Контакт личност |
|---|---|---|---|---|---|

Краток опис на активноста

Во текот на 2004 година се изработи катастер на загадувачи и загадувачки супстанции во воздухот, за град Скопје. Истиот беше предаден на Министерството во декември 2004 година. Беше формирана работна група која изврши преглед на базата на податоци, во која се обработени 280 деловни субјекти. Во четвртиот квартал од 2004 година се започна и подготовката на катастерот на загадувачи и загадувачки супстанции во воздухот за територијата на Р. Македонија, освен за град Скопје. За подготовка на катастарите е ангажирана фирмата ТЕХНОЛАБ.

**7. ПРЕДЛОГ ПРОЕКТИ - Следува листа на проекти која ја предлагаме веќе неколку години и за која е потребно да се изнајдат финансиски средства од буџетот на РМ или од странски донатори и програми. Во секој случај се работи за листа на проекти кои се од суштинско значење за понатамошното успешно работење и надградба на Информативниот центар и Министерството како целина**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 7.1. | Оперативна програма за мерење и следење на нивоата на бучава од моторни возила, авиони, железнички сообраќај и индустриски објекти во Република Македонија | Закон за животна средина<br>Стратешката Програма на Министерството 2003-2006<br>Визија 2008<br>Стратегија за мониторинг | | ставка 425740<br>300 000,00 денари | Катерина Николовска |

Краток опис на активноста

1. Со **Оперативна програма за мерење и следење на бучавата во животната средина** предвидено е да се вршат континуирани мерења на нивото на бучава, предизвикана од различни извори, на целата територија на Република Македонија, согласно со барањата пропишани во директивите на Европската Унија.

**НАПОМЕНА:** Оперативната програма треба да се реализира во соработка со Државниот инспекторат за животна средина и Централната лабораторија за животна средина. Добиените податоци ќе се користат за изготвување на извештаи за нивоата на бучава во животната средина и изготвување на картите за бучава, согласно барањата на регулативата на ЕУ.

Напомена: Програмата не се спроведува заради тоа што не се обезбедени финансиски средства од буџетот на РМ или од странски донатори и програми.

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 7.2. | Проект CORINAIR - методологија за подготвување на регистри на загадувачи и загадувачки супстанции во воздухот | Конвенција<br>ЕМЕП | | | Маријонка Виларова<br>Анета Доневска |

<table>
<tr><th>Ред.бр</th><th>Активност</th><th>Активноста произлегува од ...</th><th>Период на реализација<br>Од - до</th><th>Импликации во буџетот на МЖСПП</th><th>Контакт личност</th></tr>
<tr><td colspan="6">Краток опис на активноста<br><br>Во Р.Македонија не постои единствена методологија за пресметка и подредување на емисиите во воздухот врз основа на активностите од која се загадува воздухот. Конвенцијата ЕМЕП ја дефинира програмата CORINAIR од која прозглегува горе бараната методологија. Ова е потребно да се воведе и во нашта држава од причина што на ниво на земји подписнички на Конвенција потребно е да се добијат споредливи и компатибилни податоци за загадувачките субстанции во воздухот и со останатите држави.<br><br>Во текот на 2004 година имаше припремни активности за проектот CORINAIR. Овој проект ќе започне кон крајот на август 2005 година, со одржување на прв договорен состанок. Истиот ќе биде финансиран од КАРДС регионалната Програма за 2002 г спроведена преку ЕЕА.</td></tr>
<tr><td>7.3.</td><td>Проект Прелиминарна проценка на квалитетот на воздухот и воспоставување на зони и агломерации за квалитет на воздух на територијата на Република Македонија</td><td>Закон за квалитет на воздух<br><br>Стратегија за мониторинг</td><td></td><td></td><td>Маријонка Виларова</td></tr>
<tr><td colspan="6">Краток опис на активноста<br><br>Воспоставување на зони и агломерации за квалитет на воздух во нашата земја преставува обврска која произлегува од хармонизираните законски акти за воздух со ЕУрегулативите. Врз основа на оваа проценка, а земајќи ја предвид регионалната статистичка поделба на државата треба да се воспостават зони и агломерации за квалитет на воздухот на ниво на државата.<br><br>Овој проект е предвиден во рамките на CARDS 2004, така што истиот е ќе започне во текот на 2005 година.</td></tr>
<tr><td>7.4.</td><td>Проект за Прелиминарна проценка на квалитетот на водата и состојбата на водотеците на територијата на Република Македонија</td><td>Закон за вода<br><br>Стратегија за мониторинг<br><br>Рамковната Директива за вода ЕУ</td><td></td><td></td><td>Љупка Димоска Зајков<br><br>Снежана Рашкова</td></tr>
<tr><td colspan="6">Краток опис на активноста<br><br>Утврдување на првична проценка за квалитетот на водата и состојбата со водотеците во нашта земја преставува обврска која произлегува од хармонизираните законски акти за вода со ЕУрегулативите. Врз основа на оваа проценка, а земајќи ја предвид регионалната статистичка поделба на државата ќе се утврди постоечката состојба со квалитетот на водите, како и притисокот кој делува на нив.</td></tr>
</table>

| Ред.бр | Активност | Активноста произлегува од ... | Период на реализација Од - до | Импликации во буџетот на МЖСПП | Контакт личност |
|---|---|---|---|---|---|
| 7.5. | Проект за воспоставување на заштитни зони околу водотеците на територијата на Република Македонија | Закон за вода<br>Стратегија за мониторинг<br>Рамковна Директива за вода ЕУ | | | Љупка Димоска Зајков<br>Снежана Рашкова |
| Краток опис на активноста<br>Воспоставување на заштитни зони околу водотеците во нашта земја преставува обврска која произлегува од хармонизираните законски акти за вода со ЕУрегулативите. Врз основа на оваа предложената методологија ќе се дефинираат посебно заштитни зони околу водата што се користи за консумирање на човекот, Водата загадена од нитрати, и во заштитените подрачја. | | | | | |
| 7.6. | Проект за агрохемиски, физиолошки и здравствени аспекти од контаминација на почвата, водите и растенијата со штетни материи и мерки за производство на здравствено безбедна храна | Закон за животна средина<br>Стратегија за мониторинг | | | Александар Ивановски |
| Краток опис на активноста<br>Во моментов во Р. Македонија немаме податоци за контаминација на почвата, водите и растенијата со штетни материи и мерки. Од тие причини се предлага оваа оперативна програма | | | | | |
| 7.7. | ГЛОБЕ Програма<br>Глобално учење и набљудување на животната средина во четири главни области: клима, вода, почва и земјина обвивка | Приклучување на РМ во ГЛОБЕ Проглamата и формирање на ГЛОБЕ мрежа | континуирано | побарано<br>750.000,00 денари<br>одобрено<br>500.000,000 денари | Светлана Ѓорѓева<br>Снежана Рашкова |
| Краток опис на активноста<br>Спроведување на **ГЛОБЕ програма - Глобално учење и следење на животната средина во четири области (клима, вода, почва и земјина обвивка), која ја** | | | | | |

<table>
<tr><th>Ред.бр</th><th>Активност</th><th>Активноста произлегува од ...</th><th>Период на реализација<br>Од - до</th><th>Импликации во буџетот на МЖСПП</th><th>Контакт личност</th></tr>
<tr><td colspan="6">води Владата на САД<br>Носител на активностите околу спроведување на ГЛОБЕ програмата во Република Македонија е МЖСПП во соработка со Бирото за развој на образованието и Мировниот Корпус на САД во Македонија. Програмата успешно функционираше во 9 училишта заклучно со 2001 година. Поради необезбедени средствата изминатиот период истата беше во мирување. Во 2004 година, во МЖСПП се обезбедени средства кои се искористени за:<br>- Набавка на инструменти за атмосферски мерења и хемикалии за испитување на водата, потребни за рестартирање на програмата во 9 Глобе училишта и вклучување на три нови училишта;<br><br>Набавката е комплетно завршена во декември 2004 година.<br><br>НАПОМЕНА: Препорака е мрежата на училишта да се зголемува секоја година. Плнирано е во 2005 година да се вклучат три нови училишта, што подразбира комплетна едукација на наставниците и обезбедување на потребната опрема и инструменти за следење на состојбата на животната средина. За таа цел набавени се инструменти и хемикалии за трите нови училишта.<br><br>Континуирано е соработувано со Мировниот Корпус Македонија околу распоредување на доброволците од еколошкиот сектор во училишта, локалната самоуправа, невладини организации и ЈП, како и договарање на заедничките активности во спроведување на Глобе Програмата.</td></tr>
</table>

8. **Учество во Работните подгрупи за хармонизација и апроксимација на националното законодавство од областа на животната средина со европското од барањата на секторот за евроинтеграција при Владата**

<table>
<tr><td>8.1.</td><td>Група за хоризонтално законодавство</td><td>Планот за стабилизација и асоцијација на РМ кон ЕУ</td><td>Континуирано во 2004</td><td></td><td>Маријонка Виларова</td></tr>
<tr><td colspan="6">Краток опис на активноста<br><br>Во склоп со барањата од секторот евроинтеграција подготвени се работни групи кои имаат задача да го прегледаат европското законодавство (ЕУ директивите), да направат споредба и корелација со домашното законодавство и согласно на тоа да предложат законски и подазаконски акти кои ќе бидат хармонизирани со европското законодавство. Целта е да се подготви закон за животна средина и подзаконски акти кои произлегуваат од него, хармонизирани со ЕУ директивите.</td></tr>
<tr><td>8.2.</td><td>Работна подгрупа за возгух</td><td>Планот за стабилизација и асоцијација на РМ кон ЕУ</td><td>Континуирано во 2004</td><td></td><td>Маријонка Виларова<br><br>Анета Доневска</td></tr>
</table>

<table>
<tr><th>Ред.бр</th><th>Активност</th><th>Активноста произлегува од ...</th><th>Период на реализација<br>Од - до</th><th>Импликации во буџетот на МЖСПП</th><th>Контакт личност</th></tr>
<tr><td colspan="6">Краток опис на активноста<br><br>Во склоп со барањата од секторот евроинтеграција подготвена е работна група која има задача да го прегледа европското законодавство од областа на воздухот (ЕУ директивите), да направи споредба и корелација со домашното законодавство и согласно на тоа да се предложат законски и подазаконски акти кои ќе бидат хармонизирани со европското законодавство. Целта е да се подготви закон за квалитет на воздух и подзаконски акти кои произлегуваат од него, хармонизирани со ЕУ директивите.<br><br>Во текот на 2004 година РПг. 22 В одржа 2 состанока на кои се разгледуваа Измените на законот за квалитет на амбиентен воздух, подготвената Уредба за гранични вредности за квалитет на амбиентен воздух и прагови за алармирање и Правилникот за оценувачки критериуми за квалитет на амбиентен воздух.</td></tr>
<tr><td>8.3.</td><td>Работна подгрупа за вода</td><td>Планот за стабилизација и асоцијација на РМ кон ЕУ</td><td>Континуирано во 2004</td><td></td><td>Љупка Д. Зајков</td></tr>
<tr><td colspan="6">Краток опис на активноста<br><br>Во склоп со барањата од секторот евроинтеграција подготвена е работна група која има задача да го прегледа европското законодавство од областа на водата (ЕУ директивите), да направи споредба и корелација со домашното законодавство и согласно на тоа да се предложат законски и подазаконски акти кои ќе бидат хармонизирани со европското законодавство. Целта е да се подготви закон за води и подзаконски акти кои произлегуваат од него, хармонизирани со ЕУ директивите.</td></tr>
<tr><td>8.4.</td><td>Работна подгрупа за биодиверзитет</td><td>Планот за стабилизација и асоцијација на РМ кон ЕУ</td><td>Континуирано во 2004</td><td></td><td>Александар Ивановски</td></tr>
<tr><td colspan="6">Краток опис на активноста<br><br>Во склоп со барањата од секторот евроинтеграција подготвена е работна група која има задача да го прегледа европското законодавство од областа на биодиврзитетот (ЕУ директивите), да направи споредба и корелација со домашното законодавство и согласно на тоа да се предложат законски и подазаконски акти кои ќе бидат хармонизирани со европското законодавство. Целта е да се подготви закон за бидиверзитет и подзаконски акти кои произлегуваат од него, хармонизирани со ЕУ директивите.</td></tr>
<tr><td>8.5.</td><td>Работна подгрупа за бучава</td><td>Планот за стабилизација и асоцијација на РМ</td><td>Континуирано во 2004</td><td></td><td>Катерина Николовска</td></tr>
</table>

<table>
<tr><th>Ред.бр</th><th>Активност</th><th>Активноста произлегува од ...</th><th>Период на реализација<br>Од - до</th><th>Импликации во буџетот на МЖСПП</th><th>Контакт личност</th></tr>
<tr><td></td><td></td><td>кон ЕУ</td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td colspan="6">Краток опис на активноста<br><br>Владата на РМ, односно секторот за Евроинтеграција во склоп на одделот за животна средина формираше на работните подгрупи за поедини медиуми. За таа цел во Министерството за животна средина и просторно планирање формирана е Работна Подгрупа за донесување на Закон за бучава, со Решение број 02-5027/1 од 03.12.2004 година. Оваа Работна Подгрупа започна со работа уште во Ноември 2003 година, и до сега е постигнато следното:<br><br>– Извршено е дефинирање на работните задачи и динамиката на работата.<br>– Евидентирано е домашното законодавство од областа на бучавата;<br>– Идентификација на директивите на ЕУ од оваа област и приоритетна листа на останати директиви кои се преведени.<br>– Направена е Гап Анализа на Рамковната директива за бучава со нашето законодавство.<br>– Преведени се законите од оваа област на Р Словенија, обезбедени се за користење и бугарските, како и хрватскиот закон за бучава.<br>– Направена е Гап анализа на останатите директиви.<br>– Според планот понатаму следи дооформување на веќе изработената верзија на Законот за бучава.<br>Сите овие активности се одвиваат согласно Процедуралниот прирачник за приближување на законодавството.</td></tr>
<tr><td>8.6.</td><td>Работна подгрупа за хемикалии и генетски модифицирани организми</td><td>Планот за стабилизација и асоцијација на РМ кон ЕУ</td><td>Континуирано во 2004</td><td></td><td>Љупка Д. Зајков</td></tr>
<tr><td colspan="6">Краток опис на активноста<br><br>Во склоп со барањата од секторот евроинтеграција подготвена е работна група која има задача да го прегледа европското законодавство од областа на хемикалии и генетски модифицирани организми (ЕУ директивите), да направи споредба и корелација со домашното законодавство и согласно на тоа да се предложат законски и подзаконски акти кои ќе бидат хармонизирани со европското законодавство. Целта е да се подготви закон за химикалии и подзаконски акти кои произлегуваат од него, хармонизирани со ЕУ директивите.</td></tr>
<tr><td>8.7.</td><td>Работна подгрупа за климатски промени</td><td>Планот за стабилизација и асоцијација на РМ кон ЕУ</td><td>Континуирано во 2004</td><td></td><td>Маријонка Виларова</td></tr>
</table>

| Ред.бр | Активност | Активноста произлегува од ... | Период на реализација Од - до | Импликации во буџетот на МЖСПП | Контакт личност |
|---|---|---|---|---|---|
| Краток опис на активноста<br>Во склоп со барањата од секторот евроинтеграција подготвена е работна група која има задача да го прегледа европското законодавство од областа на климатските промени (ЕУ директивите), да направи споредба и корелација со домашното законодавство и согласно на тоа да се предложат законски и подзаконски акти кои ќе бидат хармонизирани со европското законодавство. | | | | | |
| 8.8. | Работна подгрупа за отпад | Планот за стабилизација и асоцијација на РМ кон ЕУ | Континуирано во 2004 | | Маја Граматикова |
| Краток опис на активноста<br>Во склоп со барањата од Секторот за евроинтеграција формирана е работна група која има задача да го прегледа европското законодавство од областа на отпадот (ЕУ директивите), да направи споредба и корелација со домашното законодавство и согласно на тоа да се предложат законски и подзаконски акти кои ќе бидат хармонизирани со европското законодавство. | | | | | |
| 8.9. | Формирање работна група за изготвување Правилник за начинот, условите, постапката и образецот на кој се доставуваат податоците од државната мрежа, локалните мрежи, само мониторингот и поединечни мерења во животната средина. | Планот за стабилизација и асоцијација на РМ кон ЕУ | Континуирано во 2004 | | Светлана Ѓорѓева<br>Маријонка Виларова<br>Анета Доневска<br>Зоран Лозановски<br>Љупка Димовска<br>Снежана Рашкова<br>Александар Ивановски<br>Маја Граматикова<br>Катерина Николовска |

| Ред.бр | Активност | Активноста произлегува од ... | Период на реализација Од - до | Импликации во буџетот на МЖСПП | Контакт личност |
|---|---|---|---|---|---|
| Краток опис на активноста<br>Во склоп со барањата од Секторот за евроинтеграција ќе се формира работна група која има задача да го прегледа европското законодавство од оваа област, да направи споредба и корелација со домашното законодавство и согласно на тоа да се изготви подзаконски акт кои ќе бидае хармонизиран со европското законодавство.<br>Активноста сеуште не е започната зошто се чека усвојување на Законот за животна средина. | | | | | |
| 8.10. | Формирање работна група за изготвување Правилник за начинот и постапката за систематизирање, складирање и управување на податоците од информативниот систем за животна средина. | Планот за стабилизација и асоцијација на РМ кон ЕУ | Континуирано во 2004 | | Светлана Ѓорѓева<br>Маријонка Виларова<br>Анета Доневска<br>Зоран Лозановски<br>Љупка Димовска<br>Снежана Рашкова<br>Александар Ивановски<br>Маја Граматикова<br>Катерина Николовска |
| Краток опис на активноста<br>Во склоп со барањата од Секторот за евроинтеграција ќе се формира работна група која има задача да го прегледа европското законодавство од оваа област, да направи споредба и корелација со домашното законодавство и согласно на тоа да се изготви подзаконски акт кои ќе бидае хармонизиран со европското законодавство. | | | | | |
| 8.11. | Формирање работна група за изготвување Правилник за информирање и известување за состојбата во животната средина. | Планот за стабилизација и асоцијација на РМ кон ЕУ | Континуирано во 2004 | | Светлана Ѓорѓева<br>Маријонка Виларова<br>Анета Доневска<br>Зоран Лозановски<br>Љупка Димовска<br>Снежана Рашкова |

| Ред.бр | Активност | Активноста произлегува од ... | Период на реализација Од - до | Импликации во буџетот на МЖСПП | Контакт личност |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Александар Ивановски<br>Маја Граматикова<br>Катерина Николовска |

Краток опис на активноста

Во склоп со барањата од Секторот за евроинтеграција ќе се формира работна група која има задача да го прегледа европското законодавство од оваа област, да направи споредба и корелација со домашното законодавство и согласно на тоа да се изготви подазаконски акт кои ќе бидае хармонизиран со европското законодавство.

Активноста сеуште не е започната зошто се чека усвојување на Законот за животна средина.

9. **Учество во работни групи за изготвување на вториот Национален еколошки акционен план (НЕАП 2)**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 9.1 | Учество во изработкта на програмски задачи за НЕАП[от] кои се поврзани со работата на МЕИЦ | НЕАП 2 | Континуирано во 2004 | | Светлана Ѓорѓева |

Краток опис на активноста

Учество во изработкта на програмски задачи за НЕАП[от] кои се поврзани со работата на МЕИЦ

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 9.2 | Работна група за воздух | НЕАП 2 | Континуирано во 2004 | | Маријонка Виларова<br>Анета Доневска |
| 9.3 | Работна група за вода | НЕАП 2 | Континуирано во 2004 | | Љупка Д. Зајков<br>Снежана Рашкова |
| 9.4 | Работна група за биодиверзитет | НЕАП 2 | Континуирано во 2004 | | Александар Ивановски |
| 9.5 | Работна група за отпад | НЕАП 2 | Континуирано во 2004 | | Маја Граматикова |
| 9.6 | Работна група за бучава | НЕАП 2 | Континуирано во | | Катерина Николовска |

| Ред.бр | Активност | Активноста произлегува од ... | Период на реализација Од - до | Импликации во буџетот на МЖСПП | Контакт личност |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | 2004 | | |

Учествувано е на сите работилници одржани за НЕАП 2, давани се коментари на текстот на НЕАП 2 за секој дел поединечно.